ФОКУС
FOCUS

ФОНДАЦИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕМОКРАТИЈА
FOUNDATION FOR LOCAL DEVELOPMENT AND DEMOCRACY

Ул. „Трајче Панов“ бр.22 1400 Велес, Р. Македонија
тел.: 043/ 22 15 83 ; тел./факс: 043/ 21 24 50
e-mail: contact@focus.org.mk
www.focus.org.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

***За работата на Фондација за локален развој и демократија „Фокус“ за 2013 година***

2013

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

*за работата на Фондација за локален развој и демократија Фокус, Велес за 2013 год*

## ДОБРО УПРАВУВАЊЕ

### Обуки за претставници на фирми од Велес и Чашка

На 02 и 04 април 2013 година во просториите на Фондација „Фокус" се одржаа две обуки за јавни набавки на микропретпријатијата. На обуките присуствуваа вкупно 30 претставници на фирми од општините Велес и Чашка. Во следниов период со вакви обуки ќе бидат опфатени уште 70 микропретпријатија од општини кои припаѓаат во Вардарски плански регион.





Целта на обуките е микропретпријатијата да се стекнат со вештини за користење на системот за електронски набавки. Обуките се одржуваат во рамки на Проектот на УСАИД за пристап на микропретпријатијата до јавните набавки што го спроведува Центарот за граѓански комуникации во партнерство со Фондација „Фокус" (за Вардарски регион) и "Ехо" од Штип (за Источен регион).

### 90 микропретпријатија се обучуваат за јавните набавки

Претставници на 90-тина фирми од речиси сите општини од источен и вардарски регион учествуваа на повеќедневна годишна конференција на микропретпријатија за јавните набавки која се одржа во Струмица. Целта на конференцијата беше унапредување на знаења на микропретпријатијата за учество во јавните набавки, како и остварување на неопходни контакти за нивно понатамошно здружување и остварување на заеднички и посилен настап на пазарот на јавни набавки.



Конференцијата е можност за размена на искуства од учеството на микропретпријатијата на тендерите и за идните предизвици кои стојат на патот на микропретпријатијата кон поголемо и посоодветно учество на пазарот на јавни набавки.

Конференцијата е дел од Проектот на УСАИД за пристап на микропретпријатијата до јавните набавки кој го спроведува Центарот за граѓански комуникации од Скопје, во партнерство со невладините организации Фондација „Фокус" од Велес и ЕХО од Штип. Проектот го олеснува пристапот на микропретпријатијата до пазарот на јавните набавки, придонесувајќи за нивен одржлив развој и подобро искористување на нивните потенцијали за создавање работни места, раст и иновации.

## Промоција на веб апликацијата www.prioriteti.focus.org.mk

Фондација „Фокус" одржа презентација на новата веб апликација www.prioriteti.focus.org.mk изработена со подршка на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).
Целта на апликацијата е да ја зголеми интеракцијата со граѓаните во остварување на нивните права, обврски и услуги кои ги добиваат од општините.





www.prioriteti.focus.org.mk претставува корисна интерактивна алатка преку која граѓаните освен што ќе можат да се информираат за работата на локалната самоуправа, ќе можат да доставуваат свои предлози за решавање на тековни проблеми, да гласаат и да ги приоретизираат истите и да ја следат нивната реализација.
На овој начин ќе се зголеми и транспарентноста и одговорноста во

работењето на локалните власти во исполнување на барањата на граѓаните. На презентацијата свое излагање имаа: в.д. постојаниот претставник на УНДП во Македонија г-дин Алесандро Фракасети,
м-р Славчо Чадиев, Градоначалник на општина Велес, г-ѓа Жанета Чаушевска, Градоначалничка на општина Градско и г-дин Горанчо Пановски, Градоначалник на општина Чашка. Презентацијата ја проследија претставници од 7 општини од Вардарскиот плански регион, претставници на НВО, м/у заедници, институции, млади и медиуми.

## **„Ѓраѓански приоритети“ кандидат за светска награда**

Веб апликацијата www.prioriteti.focus.org.mk со која Фондација„Фокус“ победи на национално ниво во категоријата е-инклузивност и оспособување е номинирана за наградата на Светскиот самит на Обединети нации во Шри Ланка.
„Ѓраѓански приоритети“ веќе ја поминаа и првата селекција на меѓународниот натпревар каде од 400 апликации од 100 земји, членки на Обединетите нации влегоа во финалната фаза од натпреварувањето.

граѓански приоритети

WSA WORLD SUMMIT AWARD NATIONAL NOMINEE 2013

## **Промоција на веб апликацијата www.prioriteti.focus.org.mk во Лозово**

Со цел навремено доставување на предлозите од страна на граѓаните и нивно вградување во предлог програмите на општината за 2014 година, на граѓаните на општина Лозово им беше претставена веб апликацијата и можностите кои истата ги нуди.




Во тек се подготовките на нацрт документите на општините за следната година, па граѓаните од општините Велес, Градско, Лозово и Чашка можат своите предлози да ги доставуваат и директно преку веб апликацијата и истите да ги рангираат гласајќи за решавање на нај важните проблеми според нив.

## Одбележан Денот на Европа

Фондација „Фокус“ во соработка со Европската Делегација и ЕУ Инфо центарот од Скопје реализираа настан по повод одбележување на Денот на Европа – 9-ти Мај.

На настанот присуствуваа голем број граѓани, случајни минувачи, ученици од средните и основните училишта кои пројавија интерес за активно учество во информативната и интерактивна секција за ЕУ.

Исто така штандот беше посетен и од Градоначалникот на општина Велес Славчо Чадиев и првиот секретар на амбасадата на Република Романија во Република Македонија Октавијан Сербан.

Штандовите кои беа поставени околу фонтаната во Младински парк беа од промотивен информативен и интерактивен карактер.






На првиот штанд „Научи повеќе за Европа“, граѓаните имаа можност да добијат материјали со ЕУ тематика и потсетници со корисни линкови за ЕУ и преостанати промотивни материјали.







На вториот штанд „Што сакам да знам за Европа“ граѓаните имаа можност да поставаат прашања поврзани со ЕУ како и да споделат информација за тоа кои европски држави ги посетиле, по кој основ патувале во нив и кои се нивните впечатоци за секоја од нив.

На третиот штанд „ Моите импресии од Европа, мојата порака до Европа" граѓаните ги оставаа своите пораки наменети за  ЕУ.






Воедно на настанот волонтерите од младинскиот клуб при Фондација „Фокус" поделија симболични награди со што дополнително се предизвика интерес кај граѓаните  за посетеност и активно учество во одбележувањето на Денот на Европа.

## Јавна расправа по нацрт- програмите и нацрт-буџет на општина Градско за 2014 година

На 19.11.2013 година во општина Градско се одржа јавна расправа по нацрт-програмите и нацрт-буџетот на општината за следната 2014 година. На расправата присуствуваа градоначалничката на општина Градско, Жанета Чаушевска, членови на Совет, претставници од општинската администрација, претставници од месни заедници и здруженија на граѓани.





Чаушевска, градоначалничка на општина Градско, ги презентираше развојните програми на општина Градско за 2014 година поточно за изработка на урбанистички план на општината што ќе чини 1,1 милион денари,  доизградба на патот до селото Подлес во износ од 9 милиони и 187 илјади денари како и реализација на првата фаза од патот Чичево – Манастир.

Следеа информации за добиениот грант во висина од 20 илјади евра, од Светска банка, за  средства од министерството за транспорт и врски во

висина од 305 илјади денари и за проект за подобрување на водоснабдувањето во Градско во износ од 5 милиони денари.

Општината ќе добие и 24 милиони денари блок дотации за училиштето, како и средства од поврат на ДДВ во висина од 9 милиони 454 илјади и 48 денари.

ФИЛАНТРОПИЈА

## Со средства на Фондот за поддршка на „Фокус" запишан третиот студент

По трет пат оваа година Фондација „Фокус" додели финансиска помош за партиципација на еден студент за упис на факултет. Овој пат тоа е ученичка од ССОУ „Димитрија Чуповски" која со висок успех го заврши четиригодишното школување и постигна висока оценка на државната матура, а потекнува од социјално немоќно семејство. Таа е запишана, во државна квота во учебната 2013/2014 година на Фармацевтскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".




Средствата за партиципација се обезбедени благодарение на хуманите граѓани кои секојдневно донираат во касите поставени за таа намена во Алфа Маркетите и х. Романтик од каде се собраа средства во износ од 14.016,00 денари и од г-н С.И. во износ од 930,00 денари собрани во неговата индивидуална касичка за донации.

Со средствата во износ од 10.430,00 денари собрани од продажбата на билети за театарската претстава „Последниот лет за Европа", која минатата година во месец Декември, на денот на хуманоста, ја изведоа учениците од ССОУ „Јовче Тесличков" од Велес, беше подмирена втората рата за партиципација на вториот запишан студент.

## Доделена донација за Дневниот центар за зависници

Фондација „Фокус" донираше работни материјали за активностите во психо – социјалните креативни работилници на Дневниот центар за лицата, корисници на дрога и други психотропни супстанци од Велес. Донацијата се состои од темперни и акрилни бои, бои за стакло, четки, конци, волница, лепаци и други материјали кои може да се употребат за изработка на декоративни предмети, украси, сувенири, накит во зависност од интересот и способностите на корисниците на Центарот.



Истата беше предадена на Весна Кузева Чолакова, претставник од Центарот за социјална работа која работи во Дневниот центар на психо – социјален третман на корисниците. Дневниот центар е сместен во просториите на ЈЗУ Општа болница Велес, на нервно психијатрискиот оддел. Ова е прва донација на Центарот кој постои две и пол години и на кој му е добредојдена секоја донација од ваков вид.

## Доделени новогодишни пакетчиња од Ротари клуб „Бели мугри"

Ротари клубот ,,Бели мугри", Велес во соработка со Фондација ,,Фокус" доделија новогодишни пакетчиња и играчки на 15 деца сместени во згрижувачки семејства во Велес, како и на 6 деца кои потекнуваат од социјално немоќни семејства. Пакетчињата со многу желби за радост, среќа и успех во следната година на дечињата им ги подари Дедо Мраз.

,,Со оваа хуманитарна акција во која членовите на Ротари клубот,, Бели Мугри" собраа играчки, а ,,Жито маркетите" донираа пакетчиња сакавме да им ја разубавиме новата година на дечињата и да им посакаме среќа. Благодариме за несебичаната поддршка од Фондација ,,Фокус,, и се надеваме дека истата ќе продолжи и во иднина,, рече Пере Гуџов, претседател на Ротари клубот.




„Драго ни е што Ротари клубот „Бели мугри" од Велес не препозна како партнер во организирањето на овој благороден настан со кој ги израдувавме дечињата. Ова е наша прва соработка и верувам дека во иднина ќе успееме да организираме уште многу други настани и да помогнеме онаму каде што има потреба. Дечињата добија и пакетчиња кои ги донираа претставници од министерството за труд и социјална политика кои во посета на градот дознаа за денешниот настан" рече Весна Шкортова, извршна директорка на Фондација ,,Фокус".

## Младите од Фондација "Фокус" креираа лого за ЕУ





Во просториите на Фондација „Фокус" се одржа креативна работилница „Ние и ЕУ" на која учествуваа волонтерите од Младинскиот клуб „Фокус" а чија цел беше дизајнирање лого кое ја одразува визијата на младите за ЕУ.

Од повеќе предложени идеи и изработени логоа од страна на самите волонтери ,тие избраа едно кое според нив најсоодветно ја претставува ЕУ .

Оваа работилница е дел од активностите на проектот „Ден на Европа -9 ти Мај“ кој е поддржан од Европската Делегација и Еу Инфо центарот од Скопје.

## Младите од клубот “Учиме право“ на “МОФ“ го посетија Основиот суд во Велес

Членовите на клубот присуствуваа на судски процес од кривично право кај судијката Габриела Гајдова.



## Одбележан денот на “Планетата Земја“

На меѓународниот ден младите од “Фокус“ ги презентираа изработените пораки и цртежи со едукативен карактер.

Со цел подигнување на еколошката свест на граѓаните младите преку фотографии ги упатија пораките:„Ги спречувам климатските промени, не купувам кеси од продавница“ , „Ги спречувам климатските промени, користам батерии кои се полнат“ ; „Ги спречувам климатските промени затоа менувам мини, а не пенкала“ и “ Ги спречувам климатските промени, затоа на работа одам со велосипед“.



## Одржана работилница за јакнење на средношколското организирање на тема „ Лоцирање на проблеми “ во ОССУ „Димитрија Чуповски“

На работилницата присуствуваа претседателите на класовите  од училиштето. Ова е партнерски проект што го реализираа Младинскиот образовен форум и Фондацијата Фокус .





## Одржана обука на тема „Финансиска писменост за млади“

На обуката учесниците се стекнаа со знаења за семеен буџет, финансиски цели, сезоналност на приходи и расходи, итни трошоци, начини на штедење и инвестирање, како и со начините за заштита од крадливци на пари, паметно позајмување итн. Исто така, младите добија информации поврзани со планирање на пензија, опасности од презадолженост и неплаќање, водење контрола на сопствениот долг, како и бројни алатки за контролирање и управување со личниот буџет.

